**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 27.11.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 4431/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани

3. **Датум на извршување на надзорот:** 27 ноември 2026 година

4. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, според кој *„За обезбедување на телевизиско или радио емитување покрај условите и обврските пропишани во овој закон, радиодифузерот треба да исполнува посебни минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови во зависност од програмскиот формат, пропишани со подзаконски акт донесен од страна на Агенцијата“*; и

   - **Член 21 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување** Пречистен текст, бр. 01-3953/1 од 31.10.2023 година), според кој *„Имателот на дозволата за телевизиско емитување на програмски сервис од општ формат е должен во редовен работен однос, **да има најмалку: ...4 (четири) лица кои учествуваат во создавањето на програмата**, ако има дозвола за емитување програма на локално ниво, за подрачје со над 50.000 жители“* и *„Одговорниот уредник на програмскиот сервис и од општ и од специјализиран формат треба да биде во редовен работен однос“.*

5. **Претходно изречена мерка:** Покренатa е постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани поради прекршување на член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 21 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

**Образложение:**

На 11.11.2026 година Агенцијата изврши вонреден административен надзор над ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани (Писмен извештај бр. 03-4216/1), со кој беше констатирано дека радиодифузерот не ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во „Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување“. Имено, согласно податоците од службените евиденции на Агенцијата за вработување на РСМ, бројот на вработени во радиодифузерот на 1.11 и на 11.11.2026 година изнесувал две лица, а согласно овој Правилник, телевизиите што имаат дозвола за емитување програма на локално ниво, за подрачје со над 50.000 жители се должни во редовен работен однос со полно работно време да имаат најмалку 4 (четири) вработени кои учествуваат во создавањето на програмата и одговорниот уредник на програмскиот сервис да биде во редовен работен однос. Врз основа на ваквите констатации, на својата 39-та седница што се одржа на 18.11.2026 година, Советот на Агенцијата покрена постапка за одземање на дозволата на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани (Заклучок од 39-та седница бр.02-4266/5 од 18.11.2026 година).

На 26.11.2026 година, ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани достави документи (Пријава/Одјава во задолжително социјално осигурување – Образец М1/М2) издадени од Агенцијата за вработување на РСМ, од кои е видно дека во телевизијата се вработени четири лица во редовен работен однос со полно работно време, со што се исполнети минималните кадровски услови утврдени во горенаведениот Правилник.

Дополнително, на 27.11.2026 година Агенцијата изврши увид и во службените евиденции на Агенцијата за вработување, при што беше потврдено дека оваа телевизија на 27.11.2026 година има вработено четири лица во редовен работен однос.

7. **Предлог мерка:** Имајќи предвид дека ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, се дава следниот предлог:

- Директорот на Агенцијата да достави предлог до Советот да донесе решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани.